Предлагач: Група пратеници

# ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ИЗБОРНИОТ ЗАКОНИК

ПО ИТНА ПОСТАПКА

Скопје,

септември 2025 година

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - Скопје
KUVENDI I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT - Shkup

| Примено: E pranuar: | 25. 09. 2025 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Njësia. Org. | Број Numer | Прилог Shtojcë | Вредност Vlerë |
| 08 | 51941/1 | | |

**ДО:**
**ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОБРАНИЕТО**
**НА РЕПУБЛИКА С. МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 71 став 1 од Уставот на Република С. Македонија и член 139, член 144 и член 172 од Деловникот на Собранието на Република С. Македонија, Ви поднесуваме *Предлог на закон за изменување на Изборниот законик, по итна постапка*.

**Пратеници:**

Димитар Апасиев________________

Борислав Крмов________________

Реџеп Исмаил________________

Јована Мојсоска________________

Амар Мециновиќ________________

Сашко Јанчев________________

# ВОВЕД

I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Со Изборниот законик се уредуваат начинот, условите и постапката за избор на претседател на Република Македонија, изборот на пратеници во Собранието на Република Македонија, членови на советите на општините и Советот на градот Скопје, за изборот на градоначалник на општина и градоначалник на градот Скопје, како и условите, начинот и постапката на платеното политичко рекламирање и бесплатното политичко претставување на учесниците во изборниот процес.

На ден 9 август 2025 година, претседателот на Собранието на Република Македонија со Решение бр.09-4408/1 ги распиша изборите за членови на советите на општините и Советот на градот Скопје и за градоначалници на општините и за градоначалник на градот Скопје, со кој акт е определен денот 19 октомври 2025 год. за одржување на изборите, воедно од 9 август 2025 год. почнаа да течат роковите за извршување на изборните дејствија по што за одредени државни органи започнаа да течат рокови за донесување на одредени подзаконски акти заради спроведување на слобеден демократски изборен процес – што всушност е темелна уставна вредност, како и цел на Изборниот законик.

Во рамките на тие рокови, меѓудругото, Државната изборна комисија задолжена за спроведување на изборниот процес е должна согласно изборниот законик да ги распредели средствата за платено политичко рекламирање (ППР) помеѓу сите политички партии кои се учесници во изборниот процес, додека Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги е должна да донесе Упатство за распределба на времетраењето на дозволеното медиумско претставување на учесниците на изборите (Упатство).

Согласно постоечкото законско решение во однос на рекламниот простор и начинот на распределба на буџетските средства за државно финансирање за политичко претставување во изборната кампања постојат нејаснотии кои го доведуваат во прашање политичкиот плурализам како уставна темелна вредност и можноста за политичка цензура, недоречености кои се спротивни на целта на законот – сите учесници да добијат државно финансирање на изборната кампања со цел овозможување и одржување на политичкиот плурализам и целта за слободно политичко претставување за која радиодифузерите за време на изборната кампања на сите учесниците во кампањата се должни да им овозможат подеднакви услови за пристап до сите облици на изборно медиумско

претставување, меѓу кои и бесплатно политичко претставување и платено политичко рекламирање.

Наспроти темелната уставна вредност и целите на Изборниот законик, постоечките позитивни норми во овој изборен циклус за помали политички партии застапени со пратенички групи во Собранието т.е. парламентарни политички партии со формирана пратеничка група овозможуваат медиумска цензура и неможност за политичко претставување - лишени од правото на бесплатно политичко претставување и платено политичко рекламирање на изборната кампања а со тоа и од можноста за учество во фер и слободен изборен процес.

Додека поголемите парламентарни политички партии со поголеми пратенички групи од една страна, помалите парламентарни партии без формирана пратеничка група како и непарламентарните т.е. политичките партии кои не се застапени во Собранието на Република Македонија, се ставени во поволна положба и за разлика од помалите парламентарни партии со формирана пратеничка група, имаат можност на медиумско претставување.

Резимирано, позитивните одредби од Изборниот законик овозможуваат помалите партии кои немаат доволно пратеници за пратеничка група во Собранието и на последните избори освоиле помал број на гласови т.е. добиле помала поддршка од граѓаните, да имаат можност за политичко медиумско претставување, право што е овозможено и за вонпарламентарните партии, што е нормално за демократско општество, но, таквото право на политичките партии кои имаат формирано пратеничка група во Собранието, и кои во претходниот изборен циклус имале поголема јавна поддршка за разлика од првите, е ускратено, а со тоа е директно повредено и демократското начело на еднаква можност во политичкото делување преку цензура.

Дополнително, постоечките позитивни правни норми се во спротивност и со постојаните препораки на мисијата за набљудување на изборите на ОДИХР според кои изборниот законик треба да се ревидира, воспоставајќи сеопфатни правила за водење на изборна кампања, вклучувајќи пристап до медиумите и финансирање на кампањите, со цел да се обезбедат еднакви можности за сите кандидати. А секоја таква законска реформа треба да биде инклузивна, додека системот за финансирање на изборните кампањи треба да се заснова врз основа на објективни, јасни и разумни критериуми преку кои јавните средства ќе се доделуваат рамноправно, а распределбата ќе се базира пропорционално на резултатите на партиите на изборите.

Поради неправилниот и неинклузивниот начин на распределба на средствата за платеното политичко рекламирање, како и распределбата на дозволеното времетраење и начинот на политичкото рекламирање во медиумскиот простор, во текот на месец Септември од страна на Државната изборна комисија (ДИК), Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

(ААВМУ), Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) и Државниот завод за ревизија (ДЗР) до Собранието на Република Македонија беше доставено известување за воочените непрецизности и недостатоци кои влијаат врз донесувањето на правилно Упатство за начинот на распределба на времето на медиумско претставување од страна радиодифузерите од страна на ААВМУ и начинот на распределба на средства за платено политичко рекламирање (ППР) од страна на ДИК, со барање Собранието да преземе активности за соодветна законска измена со цел да се надмине настананата ситуација.

Од причина што веќе се распишани избори за градоначалници и членови на совет на општините и Градот Скопје, изборниот процес е во тек, одредени државни органи се должни да преземат изборни дејствија на правилен начин, а со цел да се надминат недоследностите и недостатоците во постоечкото законско решение, поради кои недостатоци одредени парламентарни политички партии се цензурирани и лишени од медиумско претставување, а заради овозможување на фер, демократски и слободен изборен процес предлагаме да се донесе овој закон во итна постапка.

## II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА

Предлог-законот е заснован на истите начела на кои се заснова основниот текст на Изборниот законик.

Основната цел на законот е да овозможи можност за пристап до медиумско претставување на сите политичките субјекти за време на изборите закажани за 19 октомври 2025 година, заради непречено исполнување на уставната темелна вредност на политички плурализам и фер и слободни избори.

## III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Предложениот закон не предизвикува финансиски импликации врз Буџетот на Република С. Македонија и другите јавни финансиски средства.

## IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ, НАЧИН НА НИВНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

За спроведување на Предлог на законот не е потребно обезбедување дополнителни финансиски средства од Републичкиот буџет.

## V. ИТНА ПОСТАПКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Врз основа на член 172 од Деловникот на Собранието на Република С. Македонија, имајќи во предвид дека веќе се распишани избори кои ќе се одржат на 19 октомври 2025 година, и за кои течат рокови за преземање на изборни дејствија, а предложениот закон се однесува на правото на политичко претставување за време на изборен процес, од кое право во моментов одредени политички субјекти се лишени од можноста медиуски да се претставаат и се цензурирани за време на изборна кампања, на тој начин повредувајќи го начелото на еднаквост во политичкиот плурализам и слобода на политичко делување, се наоѓаме во ситуација на вонреден и неодложен случај за донесување на неопходните измени се со цел овозможување да се одржи успешен, фер и демократски изборен процес што е и темелна уставна вредност и во согласност со препораките на меѓународната заедница, затоа, заради надминување на ситуацијата во која се наоѓаме и која е во спротивност со демократските вредности, предлагаме Собранието да го разгледа *Предлог законот за изменување на Изборниот законик, по итна постапка.*

## ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ИЗБОРНИОТ ЗАКОНИК

Член 1

Во Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија„ бр. 40/2006; 127/2006; 136/2008; 148/2008; 155/2008; 163/2008; 44/2011; 51/2011; 142/2012; 31/2013; 34/2013; 14/2014; 30/2014; 31/2015; 196/2015; 35/2016; 97/2016; 99/2016; 136/2016; 142/2016; 57/2017; 67/2017; 125/2017; 35/2018; 99/2018; 140/2018; 208/2018 и 27/2019 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/2019; 146/2019; 42/2020; 74/2021; 215/2021; 58/2024; 76/2024 и 116/2025) во членот 75-ѓ став (1) зборовите „двете најголеми политички партии“ се менуваат со зборовите „трите најголеми политички партии“.

Во ставот (12) алинеи 1 и 2 зборовите „двете најголеми политички партии“ се менуваат со зборовите „трите најголеми политички партии“.

Член 2

Во членот 76-д став (5) алинеи 1 и 2 зборовите „двете најголеми политички партии“ се менуваат со зборовите „трите најголеми политички партии“.

Член 3

Во членот 78-а став (1) алинеи 1 и 2 зборовите „двете најголеми политички партии“ се менуваат со зборовите „трите најголеми политички партии“.

Член 4

Одредбите од член 1, член 2 и член 3 од овој закон ќе се применуваат почнувајќи од изборите за членови на советите на општините и Советот на градот Скопје и за градоначалници на општините и за градоначалник на градот Скопје кои ќе се одржат по влегување во сила на овој закон на 19 октомври 2025 година, распишани со Решение за распишување на избори за членови на советите на општините и Советот на градот Скопје и за градоначалници на општините и за градоначалник на градот Скопје („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.167/2025).

Преземените изборни дејствија од страна на изборните органи во роковите утврдени согласно Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија„ бр. 40/2006; 127/2006; 136/2008; 148/2008; 155/2008; 163/2008; 44/2011; 51/2011; 142/2012; 31/2013; 34/2013; 14/2014; 30/2014; 31/2015; 196/2015; 35/2016; 97/2016; 99/2016; 136/2016; 142/2016; 57/2017; 67/2017; 125/2017; 35/2018; 99/2018; 140/2018; 208/2018 и 27/2019 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/2019; 146/2019; 42/2020; 74/2021; 215/2021; 58/2024; 76/2024 и

116/2025) ќе се usогласат согласно одредбите на овој закон веднаш по влегувањето во сила на овој закон.

Член 5

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**
НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА
ИЗБОРНИОТ ЗАКОНИК

I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГ - ЗАКОНОТ

Предлог законот содржи пет члена.

Со членовите 1, 2 и 3 се изменуваат членовите 75-ѓ, 76-д и 78-а на начин што се инкорпорираат сите парламентарни политички партии во распределбата на дозволеното времетраење на медиумското претставување.

Членот 4 предвидува одредбите од предлог законот да отпочнат со примена во преземањето на изборните дејствија почнувајќи од изборите за членови на советите на општините и Советот на градот Скопје и за градоначалници на општините и за градоначалник на градот Скопје кои ќе се одржат на 19 октомври 2025 година.

Членот 5 го предвидува денот на влегување во сила на законот без вообичаениот уставен рок *vacatio legis*.

II. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Решенијата содржани во одредбите од овој закон се меѓусебно поврзани, истите се однесуваат на иста правна работа и како такви прават правна целина и се применливи.

III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Предложеното решение е во насока на надминување на недоследностите во постоечкиот закон, кој е спротивен со демократското начело на политичко делување под еднакви можности со тоа што одредени политички субјекти ги иззема од можноста за медиумско политичко претставување и ги цензурира, и предвидува инкорпорирање на сите политички субјекти во медиумското претставување во текот на изборниот процес со крајна цел да се овозможи еднакви можности за политичко делување на секој политички субјект и во насока на остварување на правото на граѓаните за изразување на својата слободна волја преку учество на непосредни, фер и демократски избори.

## ТЕКСТ НА ОДРЕДБИТЕ ОД ИЗБОРНИОТ ЗАКОНИК КОИ СЕ ИЗМЕНУВААТ

(ИЗВОД)

**Член 75-ѓ**

(1) За време на изборната кампања и во првиот и во вториот круг на гласање, радиодифузерите кои ги покриваат изборите можат да емитуваат вкупно девет минути и триесет секунди дополнително време за рекламирање на реален час емитувана програма исклучиво наменети за платено политичко рекламирање, од кои за двете најголеми политички партии од позицијата кои на последните избори за пратеници во Собранието на Република Македонија освоиле најмногу гласови можат да одвојат најмногу четири минути кои се распределуваат по претходен писмен договор, за двете најголеми политички партии во опозиција кои на последните избори за пратеници во Собранието на Република Македонија освоиле најмногу гласови можат да одвојат најмногу четири минути кои се распределуваат по претходен писмен договор, за политичките партии во Собранието на Република Македонија кои на последните избори за пратеници не освоиле доволно пратеници да формираат пратеничка група можат да одвојат една минута која се распределува по претходен писмен договор и за политичките партии кои не се застапени во Собранието на Република Македонија или кандидати можат да одвојат триесет секунди кои се распределуваат по претходен писмен договор.

(2) При распределба на дополнителното време за рекламирање во еден реален час емитувана програма за платено политичко рекламирање, а кога постои интерес за спојување на блоковите на една политичка партија или кандидат во два последователни реални часа, медиумот е должен да обезбеди гаранција дека спојувањето на блокови во два последователни часа два пати по ред нема биде од иста политичка партија или ист кандидат и ќе обезбеди гаранција за наизменична застапеност на политичките партии од власт и опозиција.

(3) Радиодифузерите, печатените медиуми и електронските медиуми (интернет порталите) се должни во рок од пет дена од денот на распишувањето на изборите да утврдат ценовници за платено политичко рекламирање на учесниците во изборниот процес.

(4) Во периодот од утврдување на ценовниците до започнување на изборната кампања, радиодифузерите, печатените медиуми и електронските медиуми (интернет порталите) се должни најмалку двапати јавно да ги објават ценовниците од ставот (2) на овој член на своите програми, односно во своите изданија или интернет страници.

(5) Печатените медиуми и електронските медиуми (интернет порталите) се должни ценовниците од ставот (2) на овој член да ги доставаат до Државната изборна комисија, Државниот завод за ревизија и Државната комисија за спречување на корупцијата во рок од пет дена од денот на распишувањето на изборите, а радиодифузерите да ги доставаат до Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Државната изборна комисија, Државниот завод за ревизија и Државната комисија за спречување на корупцијата во рок од пет дена од денот на распишувањето на изборите.

(6) Радиодифузерите, печатените медиуми и електронските медиуми (интернет порталите), доколку обезбедуваат платено политичко рекламирање за учесниците во изборната кампања, се должни во рок од три дена од денот на распишување на изборите, да се регистрираат во Државната изборна комисија. Радиодифузерите, печатените медиуми и електронските медиуми (интернет порталите) што нема да се регистрираат во Државната изборна комисија, нема да имаат право да користат финансиски средства за платено политичко рекламирање, обезбедени од Буџетот на Република Македонија.
(7) Регистарот на радиодифузери, печатени медиуми и електронски медиуми (интернет портали) се води врз основа на поднесено барање за упис до Државната изборна комисија, со прилог тековна состојба издадена од Централен регистар на Република Македонија, не постара од 30 дена.
(8) Ценовниците не смеат да се менуваат до конечно завршување на изборниот процес.
(9) Радиодифузерите и печатените медиуми се должни ценовниците за секој медиум одделно за платено политичко рекламирање да ги применуваат и за време на изборната кампања и притоа просечната цена (аритметичка средина) по секунда за едно деноноќие добиена според различните ценовно-рекламни временски периоди и тоа: Период 1 - од 00:00 до 08:00 часот, Период 2 - од 08:00 до 16:00 часот и Период 3 од 16:00 до 24:00 часот кај радиодифузерите за платено политичко рекламирање, како и цената за закуп на рекламен простор во печатениот медиум да не ја надминува вкупната просечна цена на рекламирање на секој радиодифузер одделно пресметана во последните пет изминати изборни циклуси одржани на ниво на цела територија на државата, а за електронските медиуми (интернет порталите) цената за закуп на рекламен простор на интернет порталот за платено политичко рекламирање да не ја надминува просечната цена за рекламирање пресметана, за последните пет изминати изборни циклуси.
(10) За Радиодифузерите, печатените медиуми и електронските медиуми (интернет порталите) кои не учествувале на сите изминати пет изборни циклуси цената за платено политичко рекламирање не може да ја надминува просечната цена на рекламирање пресметана во последните пет изминати изборни циклуси.
(11) Државната изборна комисија е должна да ги потврди и објави на нејзината вебстраница доставените ценовници со просечно пресметаните цени утврдени од радиодифузерите и печатените медиуми, како и да ги објави ценовниците со цените утврдени од електронските медиуми (интернет порталите), согласно со ставовите (3) и (9) на овој член, во рок од десет дена од истекот на рокот за доставување на ценовниците утврден во ставот (3) на овој член. Доколку Државната изборна комисија утврди неправилности во ценовниците од радиодифузерите и печатените медиуми го известува соодветниот медиум да изврши корекција на ценовникот во рок од 72 часа од приемот на известувањето. Радиодифузерите и печатените медиуми кои што нема да постапат по известувањето за корекција на ценовниците во наведениот рок го губат правото да бидат регистрирани за платено политичко рекламирање.
(12) Рекламниот простор на електронските медиуми (интернет портали) и печатените медиуми наменет за платено политичко рекламирање, се распределува по следниве критериуми:

- најмногу 45% од рекламниот простор може да се даде на двете најголеми политички партии од позицијата кои на последните избори за пратеници во Собранието на Република Македонија освоиле најмногу гласови,
- најмногу 45% од рекламниот простор може да се даде на двете најголеми политички партии во опозиција кои на последните избори за пратеници во Собранието на Република Македонија освоиле најмногу гласови,
- најмногу 7% од рекламниот простор може да се даде на политичките партии во Собранието на Република Македонија кои на последните избори за пратеници не освоиле доволно пратеници да формираат пратеничка група и
- најмногу 3% од рекламниот простор може да се даде на политичките партии кои не се застапени во Собранието на Република Македонија или кандидати.
(13) Радиодифузерите и печатените медиуми и електронските медиуми (интернет порталите) во Република Македонија се должни на сите учесници на изборниот прецес да им обезбедат рамномерен пристап за платено политичко рекламирање.
(14) Учесникот во изборната кампања нарачател на платено политичко рекламирање кај радиодифузерите и печатените медиуми и електронските медиуми (интернет порталите) е должен да достави медиа план за платено политичко рекламирање.
(15) Учесникот во изборната кампања не може да нарача платено политичко рекламирање од радиодифузерите, печатените медиуми и електронски медиуми (интернет портали) кои не се регистрирани во Регистарот на радиодифузери, печатени медиуми и електронски медиуми (интернет портали) и да ги исплати од средства на трансакциската сметка за изборна кампања.

**Член 76-д**

(1) За исполнување на законските обврски на радиодифузерите, печатените медиуми и електронски медиуми (портали) во делот на објавувањето на платено политичко рекламирање, финансиски средства се обезбедуваат од средствата на Буџетот на Република Македонија.
(2) Овие средства се наменети исклучиво за финансирање на радиодифузерите, печатените медиуми и електронски медиуми (портали) во делот на објавувањето на платено политичко рекламирање на учесниците во изборниот процес.
(3) Државната изборна комисија ги исплаќа трошоците за објавеното платено политичко рекламирање врз основа на доставена фактура од страна на радиодифузерите, печатените медиуми и електронските медиуми (интернет портали) во рок од 30 дена од објавување на конечните резултати. Прилог на доставената фактура е Договорот, медиа план од Учесникот во изборната кампања и Извештај за реализирани услуги изготвен од радиодифузерите, печатените медиуми и електронските медиуми (интернет портали).
(4) Медиа планот и Извештајот за реализирани услуги се поднесуваат на обрасци пропишани, донесени и објавени од Државната изборна комисија
(5) Финансиските средства за платено политичко рекламирање обезбедени од Буџетот на Република Северна Македонија во текот на изборниот процес, не смеат да ја надминат сумата од 2 (две) евра во денарска противвредност без пресметан ДДВ, по запишан избирач од вкупно запишани избирачи на територијата на Република Северна Македонија, а за локални избори

дополнително по 1 (едно) евро во денарска противвредност без пресметан ДДВ по запишан избирач на територијата на општината и Градот Скопје каде се одржува втор круг на гласање и за претседателски избори доколку има втор круг дополнително по 1 (едно) евро во денарска противвредност без пресметан ДДВ по запишан избирач од вкупно запишани избирачи на територијата на Република Северна Македонија. Овие средства се распределуваат по претходен писмен договор на следниов начин:

- најмногу 45% од средствата може да искористат двете најголеми политички партии од позицијата кои на последните избори за пратеници во Собранието на Република Македонија освоиле најмногу гласови,
- најмногу 45% од средствата може да искористат двете најголеми политички партии во опозиција кои на последните избори за пратеници во Собранието на Република Македонија освоиле најмногу гласови,
- најмногу 7% од средствата може да искористат политичките партии во Собранието на Република Македонија кои на последните избори за пратеници не освоиле доволно пратеници да формираат пратеничка група и
- најмногу 3% од средствата може да искористат политичките партии кои не се застапени во Собранието на Република Македонија или кандидати.

(6) Сумата која може да се исплати на еден електронски медиум (интернет портал) и печатени медиуми од еден учесник во изборниот процес, не може да биде поголема од 15,000 (петнаесет) илјади евра во денарска противвредност без вклучен ДДВ.

(7) Вкупната сума која еден учесник може да ја потроши за медиумско претставување на сите електронски медиуми (интернет портали) и печатени медиуми, не може да опфаќа повеќе од 25% од распределените финансиските средства за платено политичко рекламирање согласно со ставот (5) на овој член.

(8) Пред исплатата на трошоците за објавеното платено политичко рекламирање, согласно со ставот 3 на овој член, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги е должна да достави Извештај за платено политичко рекламирање на радиодифузерите до Државната изборна комисија на 20 ден од настапувањето на предизборниот молк за прв круг и втор круг доколку се одржува.

(9) Радиодифузерите се должни Извештајот за реализирани услуги да го достават до Агенција за аудио и аудиовизуелни услуги во рок од пет дена од настапување на предизборниот молк за прв круг и втор круг доколку се одржува. Извештајот за реализирани услуги на радиодифузерите треба да биде потврден од Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги во рок од пет дена од денот на доставување на извештајот од страна на радиодифузерите. Радиодифузерите, се должни да го достават потврдениот извештај до учесникот во изборната кампања, а потоа целосната документација до Државната изборна комисија во рок од пет дена од денот на потврдување на Извештајот.

(10) Печатените медиуми и електронските медиуми (интернет порталите), Извештајот за реализирани услуги во прилог на фактурата кој треба да содржи и примерок од објави во печатениот медиум и електронскиот медиум (интернет портал) се должни да го достават до учесникот во изборната кампања, а потоа целосната документација до Државната изборна комисија во рок од пет дена од

настапување на предизборниот молк за првиот изборен круг и вториот изборен круг доколку се одржува.

(11) Извештајот за реализирани услуги треба да содржи: - примерок од секоја објава со јасно видлив и читлив датум за секој ден од периодот за кој е закупен рекламниот простор во печатениот медиум, - примерок (принт скрин) од секој објавен банер со јасно видлив и читлив датум, за секој ден од периодот за кој е закупен рекламниот простор на електронскиот медиум (интернет портал) кој нуди закуп на фиксен банер, - примерок (принт скрин) од секој објавен банер со јасно видлив и читлив датум, како и писмени изјави за реализирани импресии за секој ден од периодот за кој е закупен рекламниот простор на електронскиот медиум (интернет портал) кој нуди закуп на рекламен простор врз основа на импресии.

**Рекламни паноа и билборди**

**Член 78-а**

(1) Дозволено е политичко рекламирање на рекламните паноа и билборди.

(2) Максималниот број на рекламни паноа и билборди од ставот (1) на овој член кои може да се користат за политичко рекламирање изнесува 50% од вкупниот број на територијата на определена општина, градот Скопје, односно на територијата на кое определено правно лице стопанисува со истите.

(3) Општините, Градот Скопје и правните лица кои стопанисуваат со рекламните паноа и билборди се должни во рок од пет дена од денот на распишување на изборите јавно да ги објават локациите и цените за закуп на рекламните паноа и билборди на своите вебстраници и податоците да ги достават до Државната изборна комисија, Државниот завод за ревизија и до Државната комисија за спречување на корупција, заедно со испечатен извадок од објавата. Цената не смее да се менува за време на изборниот процес и истата не смее да биде поголема од просечната цена за закуп пресметана во последните пет изминати изборни циклуси. Податоците за локациите, видот, карактеристиките и цените на рекламните паноа и билборди се доставуваат на образец, кој на предлог од Државниот завод за ревизија и од Државната комисија за спречување на корупција, го пропишува Министерството за правда.

(4) Политичките партии имаат право на закуп за политичко рекламирање на рекламните паноа и билборди на транспарентен и недискриминаторски начин согласно со следните критериуми: - 40% од вкупниот број се достапни на двете најголеми политички партии од позицијата кои на последните избори за пратеници во Собранието на Република Македонија освоиле најмногу гласови;

- 40% од вкупниот број се достапни на двете најголеми политички партии во опозиција кои на последните избори за пратеници во Собранието на Република Македонија освоиле најмногу гласови;

- 10% од вкупниот број се достапни на парламентарните партии кои немаат пратенички групи во Собранието на Република Македонија и

- 10% од вкупниот број се достапни на вонпарламентарните партии и независни кандидати во Република Македонија.

(5) Општините во Република Македонија, градот Скопје и правните лица кои стопанисуваат со рекламните паноа и билборди се должни локациите кои се нудат

за политичко рекламирање да ги распоредат согласно со критериумите од ставот (4) на овој член по пат на ждрепка.

(6) Ждрепката од ставот (5) на овој член ја спроведува Државната изборна комисија на Република Македонија.

(7) Доколку некоја политичка партија, коалиција или независен кандидат не го искористи вкупниот процент за закуп на рекламни паноа и билборди или извлечените локации, останатите политички партии и независни кандидати имаат право на закуп на истите.

(8) Правните лица кои стопанисуваат со рекламните паноа и билборди се должни да поднесат извештај за доделените локации за секој учесник во изборната кампања, средствата кои се побаруваат од секој учесник како и средствата кои се наплатени.

(9)Извештајот од ставот (8) на овој член се поднесува најдоцна 15 дена по денот на завршување на изборната кампања.

(10) Извештајот од ставот (8) на овој член се поднесува до Државната изборна комисија, Државниот завод за ревизија и до Државната комисија за спречување на корупцијата, кои се должни да го објават на своите интернет страници.

(11) Извештајот од ставот (8) на овој член се поднесува на образец пропишан од министерот за финансии.